МАРК ХАНКИНС

# ГОЛЕМАТА ИСПОВЕД

**ГОЛЕМАТА**
**ИСПОВЕД**

МАРК ХАНКИНС

Сите библиски стихови се земени од верзијата Крал Џејмс (King James Version), освен ако не е поинаку наведено.

Големото Исповедување
ISBN#978-1-889981-67-3
Издавач:
Mark Hankins Ministries Publications
P.O. Box 12863
Alexandria, LA 71315
www.markhankins.org
Авторски права © 2022 Марк Ханкинс
Се забранува репродукција на текстот во целост или делумно, без писмена согласност од авторот, согласно Законот за авторски права на САД од 1976 година.
Печатено во САД

Превод на Македонски Самоил Павлов
Лектура: Виолета Карагунова

# Содржина

1 Големото Исповедување: Вербален одговор ........... 5
2 Исповедувањето му претходи на спасението ........... 10
3 Крвта зборува ........................................................ 17
4 Победа во стратешки битки ....................................... 22
5 Контролирајте ги своите усни .................................. 26
6 Положи го тестот на верата ....................................... 36
7 Гласот на верата ...................................................... 47
8 Четири области на исповедување ............................ 53

# 1. Големото Исповедување: Вербален одговор

Христијанството е изградено на исповедувањето на верата дека Исус Христос е Синот Божји. Ова се нарекува „Големото Исповедување“. Големото Исповедување произлегува од Божественото откровение за Христос кое од корен ќе го промени твојот идентитет, дури и твоето име, како кај Петар, ученикот на Исус. Петар беше рибар кој го следеше Исус, го слушаше Неговото учење и ги гледаше Неговите чуда, сè додека еден ден  не се промени сè. Исус му постави прашање: „Кои луѓето велат дека сум Јас?“

**Исповедувањето на нашата вера е една од најважните, најзначајните и највредните учења во целото Слово Божјо.**
– Рев. Кенет Е. Хејгин

Разговорот продолжи вака:

„А, вие, кои велите дека сум Јас?“ Симон Петар одговори и рече: „Ти си Христос, Синот на живиот Бог.“

А, Исус му одговори и му рече: „Благословен си, Симоне, сине Јонин, зашто не ти го откри ова телото и крвта, туку Таткото Мој, Кој е на небесата.“
– Матеј 16:15-17

Исус го праша Петар: „Ти кој велиш дека сум Јас?“ Во тој момент, Петровите духовни очи се отворија и тој во срцето знаеше дека Исус е Синот на живиот Бог. Тој го даде своето исповедување на верата. Тоа исповедување е основната верба на која е изградено христијанството. Веднаш штом

Петар му кажа на Исус кој е Тој, Исус се сврте кон Петар и му кажа кој е тој.

„И Јас ти велам: Ти си Петар (камен), и на тој камен ќе ја изградам Мојата црква, и портите на пеколот нема да ја надвладеат.“
– Матеј 16:18

Петар се промени во тој момент. Неговиот идентитет и судбина беа трансформирани не само поради неговото откровение, туку и поради неговото исповедување на Исус Христос.

## ДЕФИНИЦИЈА ЗА ИСПОВЕДУВАЊЕ

Во Новиот завет, зборот *исповедување* значи да се согласиш или да го кажеш истото. Во животот на верникот, тоа е гласно искажување, согласување и признавање на надмоќноста на Божјото Слово над сè друго. Павле дава јасно објаснување за тоа што се случува кога некој верува и го исповеда господарството на Исус Христос.

## ГОЛЕМОТО ИСПОВЕДУВАЊЕ: ИСУС Е ГОСПОД

„Зашто ако со устата си го исповедаш Исуса за Господ и со срцето поверуваш дека Бог Го воскресна од мртвите, ќе се спасиш. Со срцето се верува за праведност, а со устата се исповедува за спасение.“
– Римјаните 10:9-10

За какво исповедување зборуваме овде? Павле зборува за првичното исповедување што сите го дадовме како христијани. Со други зборови, можеш цел ден да ги исповедуваш своите гревови, а, сепак, да не се спасиш.

Исповедувањето што те спасува е Исус е Господ. Признаваш дека Тој ги зеде твоите гревови и проклетства, и кога Тој беше воскреснат од мртвите, ти беше прогласен за праведан. Библијата вели дека мораме да се држиме до нашето исповедување или признание на верата.

Една од најосновните работи во твојата христијанска вера е првичното и постојаното исповедување дека Исус Христос е Господ. Кога велиш: „Исус е Господ“, велиш повеќе отколку што разбираш. Најважната порака е дека Тој е Победник! Тој е Врховниот Авторитет.

„А бидејќи децата се учесници во телото и крвта, така и Тој зеде еднакво учество во тоа, та преку смртта за да го победи оној што ја има власта над смртта, односно ѓаволот.“
– Евреите 2:14

„Затоа и Бог Го возвиши највисоко и Му даде име кое е над секое име, за да се поклони секое колено во името на Исуса, од оние на небото, оние на земјата и оние под земјата, и секој јазик да исповедува дека Исус Христос е Господ, за слава на Бог Таткото.“
– Филипјаните 2:9-11

Можам да го кажам и вака: Кога Исус беше воскреснат од мртвите, Тој излезе од гробот како апсолутен господар над смртта во сите нејзини форми, над пеколот и над сите негови сили, над сатаната и сите негови дела, над гревот и над сите негови последици. Тој беше првиот од обновеното, искупеното, победничко човештво што ќе го следеше. Тој е Првородениот од мртвите; првиот Човек што влезе во искуството на смртта и ја победи. Исус е Господ.

## ПОСТОЈАНО И ЈАВНО ИСПОВЕДАЊЕ

„Затоа, преку Него, да Му принесуваме постојана жртва на славење на Бог, односно плод на усните што Го слават Неговото име.“
– Евреите 13:15

Зборот *славење* овде е ист грчки збор што значи исповедување и признавање. Твојата вера живее и цвета кога твоите усни  постојано се исполнети со славење. Тоа славење е приватно, но мора да биде и јавно. Всушност, Исус рече: „Секој што Ме исповедува пред луѓето, и Јас ќе го исповедам пред Мојот Татко Кој е на небесата.“ (Матеј 10:32) Секогаш кога ќе зборуваш за господарството на Христос пред друг човек, Исус ќе те исповеда пред Таткото. Твоето исповедување на земјата го движи небото и ја носи силата на Светиот Дух на местото каде што се наоѓаш.

Првото Петрово исповедување и откровение за Христос го промени неговиот живот. Тоа го поврза со Божјиот план и цел. Ова Големо Исповедување беше темелот на Раната црква и никогаш не се промени. На овој камен, Исус ја гради црквата и портите на пеколот не можат да ја надвладеат.

## СИЛАТА НА ПОЗИТИВНОТО ИСПОВЕДУВАЊЕ

Твоето исповедување на верата не е мала или незначителна тема. Тоа е навистина тема што го менува животот бидејќи на овој начин ти се спаси. Исповедувањето не е нешто незначително. Тоа е она што те чува да не отидеш во пекол и те носи на небото. Исповедувањето е духовен закон. Законот на исповедувањето е она што те носи во реалноста на спасението и благослов. Сатаната се тресе кога го

отвораш Словото, но бега кога почнуваш да го зборуваш Словото!

Во оваа книга ја проучуваме силата на позитивното исповедување – исповедување на крвта на Исус, кој си во Христос и силата на Божјото Слово. Рев. Кенет Е. Хејгин рече: „Исповедувањето на нашата вера е една од најважните, најзначајните и највредните учења во целото Слово Божјо.“

## ВЕРБАЛЕН ОДГОВОР

Не летаме многу со комерцијални авиони, но кога летаме, постои ред наречен *излезен ред*. Излезниот ред има малку повеќе простор за нозете и нашата секретарка, обично, ни резервира седишта таму. Пред полетувањето, стјуардесата секогаш не прашува дали сме подготвени и дали сме спремни да помогнеме во случај на вонредна ситуација. Еднаш, кимнав со главата потврдно, но таа брзо одговори: „Ми треба вашиот вербален одговор“. На ист начин, не можеш едноставно да кимнеш на Божјите ветувања, На Бог Му треба вербален одговор. Наполни ги усните со Божјото Слово, крени го гласот и очекувај да ги видиш како во твојот живот се движат планините.

## 2. Исповедувањето му претходи на присвојувањето

„...внимателно размислете за Апостолот и Првосвештеникот на нашата исповед – Исус.“
– Евреите 3:1 (Rotherham)

„...Бидејќи имаме голем Првосвештеник Кој помина низ небесата – Исус, Синот Божји, да се држиме цврсто до нашето исповедување (на вера во Него).“
– Евреите 4:14 (Amplified)

Кога го користиме зборот *исповедување,* во нашето општество се мисли на некој што признава нешто негативно.

„Ништо нема да ја воспостави и изгради твојата вера побрзо отколку исповедувањето на тоа кој си и што имаш во Христос. Исповедувањето му претходи на присвојувањето.“
– Ф.Ф. Бозворт

Големото Исповедување

1. Јован 1:9 зборува за исповедување на нашите гревови пред Господ за да ја обновиме заедницата со Него. Сепак, Новиот завет зборува многу повеќе за позитивното отколку за негативното исповедување.

Многу верници денес треба да ја препознаат силата на позитивното исповедување. Со други зборови, треба да го исповедаат она што Исус го направил и што прави за нив. Треба да го признаат фактот на откупот и кои се тие во Исус Христос.

Треба да поминуваш време секој ден исповедувајќи кој е Исус и кој си ти во Него. Ние ја исповедуваме силата на крвта на Исус и дека во Него ние сме откупени, исцелени, благословени и гревот ни е простен. Неопходно е да го признаеме нашиот откуп.

## СОСТОЈКИ НА ДУХОТ НА ВЕРАТА

За правилно да го разбереме исповедувањето, прво мораме да разбереме како функционира духот на верата. Постојат две главни состојки во духот на верата: верување и зборување.

„Го имаме истиот дух на верата, според она што е напишано: ‚Поверував, па затоа зборував', и ние веруваме, па затоа зборуваме.“
– 2 Коринќаните 4:13

Во овој стих, Павле го цитира псалмистот Давид. Давид не беше совршен човек, но Давид имаше дух на вера. Тој уби лав и мечка и го победи Голијат.

Како верник ти веруваш во Бог и веруваш во Неговото Слово. За да биде твојата вера ефективна, твоето верување мора да биде придружено со зборување. Кога го зборуваш Словото, ја отвораш вратата кон натприродното. Не е доволно само да имаш вера во срцето, твојата вера мора да биде и во твоите зборови.

## ИСПОВЕДУВАЊЕТО МУ ПРЕТХОДИ НА ПРИСВОЈУВАЊЕТО

Ништо нема да ја утврди и ја изгради твојата вера побрзо од исповедувањето на тоа кој си и што имаш во Христос.

Исповедувањето претходи на присвојувањето. Исус е Апостол и Првосвештеник на нашето исповедување. Тој нè претставува и реагира на нашите зборови и чека да кажеме нешто што се согласува со сè што Тој го направил. Ние буквално треба да изречеме зборови на вера за да ја активираме Неговата дејствителна сила.

Нашата идентификација со Христос се активира преку идентична исповед од нашите усни. Мораме да го кажеме истото што Бог го кажува за нас. **Исповедај:** „Јас сум она што Бог вели дека сум. Јас го имам она што Бог вели дека го имам. Јас можам да го направам она што Бог вели дека го можам.“ Ако не си импресиониран од тоа кој си во Христос, едноставно не си Го видел Него одамна. Тој е прославен и семоќен, а ти си во Него.

Кога имаме позитивно исповедување, го кажуваме истото што Божјото Слово кажува за нашата ситуација. Ова е толку моќна вистина бидејќи тоа е начинот на кој се спасуваме.

„Со срцето се верува за праведност, а со устата се исповедува за спасение.“
– Римјаните 10:10

Ние се спасуваме кога веруваме во срцето и исповедуваме со устата дека Исус е Господ. Исповедувањето е признавање на господарството на Исус и сè што спасението вклучува. Кога овие моќни зборови се изречени од устата на верникот, човечкиот дух се обновува и на човекот му се дава вечен живот. Ми се допаѓа она што го кажа Ф.Ф. Бозворт:

„Духовен закон што малкумина го препознаваат е дека нашето исповедување владее врз нас. Тоа што го

исповедуваме со нашите усни е она што навистина го истакнува нашето внатрешно битие. Ништо нема да те зацврсти и ја изгради твојата вера побрзо отколку исповедувањето. Исповедувањето на твоите усни што произлегува од верата во твоето срце, апсолутно ќе го победи противникот во секоја борба. Бог не може да биде поголем во и за тебе од она што ти Го исповедуваш.“

## ПОБЕДНИЧКИ ЗБОРОВИ ЈА ДОБИВАТ БОРБАТА

„ Води ја добрата борба на верата, држи се за вечниот живот на кој си повикан и за кој си дал убаво (добро) исповедување пред многу сведоци.“
– 1 Тимотеј 6:12

Светиот Дух преку апостол Павле рече дека добрата борба на верата бара добро исповедување. Борбата на верата не е борба што се губи. Тоа е борба што се победува. Победничката борба бара победничко исповедување. Исус се избори за нас и победи. Нашата идентификација со Него бара идентично исповедување на верата. Ние победуваме со тоа што го кажуваме истото.

Духот на верата ќе го објави исходот уште пред неволјите. Размислувај за Исус и насочи ги твоите очи кон верата и твоето исповедување кон Него. Признај ја твојата победа во Исус Христос велејќи: „Но да Му благодариме на Бога Кој секогаш ни дава победа во Исус Христос.“ (2 Коринќаните 2:14) Не задоволувај се со ништо помалку од 100-процентна победа.

## ПРИЗНАЈ ГО ТОА КОЈ СИ

„за да стане твојата вера делотворна преку признавањето на секое добро што е во вас од Христос Исус.“ (И молам нашата заедничка вера да се покаже во тебе на дело во познанието на секое добро, кое го имаме во Исус Христос).
– Филимон 6

„...целосно признавање, ценење, разбирање и точно познавање на секое добро што е наше (во нашата идентификација со) Христос Исус.“
– (AMPC)

За нашата вера да стане целосно ефективна, мораме постојано да го признаваме секое добро што е во нас од Христос. Понекогаш нашата вера е како автомобилски мотор што има осум цилиндри, но работи само на пет или шест. Многу повеќе моќ е достапна кога работиме на сите осум цилиндри.

Во тебе во Христос има богатство од добри работи. Тие не се само во Христос, туку и во тебе, затоа што ти си во Христос. Постојат повеќе од 130 стихови во Новиот завет што ги користат изразите: Во Христос, Во Него и Во Кој. Секој пат кога ќе ги видиш овие два збора, подвлечи ги и речи: „Тоа сум јас, и тоа го имам.“ Добро место за почеток е 2 Коринќаните 5:17, 2 Коринќаните 5:21 и 1 Коринќаните 1:30. Ова ќе го разгледаме повеќе во едно подоцнежно поглавје.

## ПРИЛАГОДЕНИ НА ТВОИТЕ УСНИ

„зашто убаво е ако ги чуваш во себе, нека бидат подготвени на твоите усни. За да биде твојата доверба во Господа...“
– Изреки 22:18-19

„Зашто ќе биде пријатно ако ги чуваш во твојот ум (верувајќи во нив). Твоите усни ќе се навикнат да ги (исповедуваат).“ – (AMPC)

Божјото Слово е прилагодено за твоите усни. Божјото Слово е создадено да се зборува.

Исповедувањето е основно за верата. Е.В. Кенион рече: „Исповедањето го гради патот преку кој верата го носи својот моќен товар.“ Тоа ми се допаѓа. Твоите усни треба да бидат навикнати да го исповедуваат Божјото Слово. Словото е скроено за твојата уста и твојата ситуација.

Божјото Слово беше изречено пред да биде запишано и беше запишано за да може и да се изрече. Исус е Апостол и Првосвештеник на твоето исповедување. „Кој и да рече... ќе има што и да рече...“ (Марко 11:23)

Исус буквално чека да зборуваш. Како што видовме, зборот „исповедување“ буквално значи „да се каже истото“. Со други зборови, Тој веќе кажа нешто за тебе, но очекува и ти да го кажеш истото.

Секоја придобивка и благослов што е во тебе, во Христос мора да биде признаен и објавен. За да работи спасението за тебе, мора да биде во твојата уста. За да работи просперитетот за тебе, мора да биде во и од твојата уста. Кажи: „Јас сум благословен при влегување и при излегување. Јас сум глава, а не опашка, горе, а не долу.“ (5. Мојсеева 28) За да работи исцелувањето за тебе, мора да биде во твојата уста. Кажи: „...со Неговите рани јас бев исцелен.“ (1 Петрово 2:24) Словото ќе те исцели ако

постојано го исповедуваш. Има исцелување и просперитет во Словото. Кажи го она што Бог го кажува за тебе.

**Бог е на моја страна,**
**Зашто крвта е примена.**
**Секоја моја потреба ќе биде исполнета.**
**Ништо нема да ми биде одбиено.**
**Затоа влегувам во одмор,**
**Знам дека сум благословен.**
**Го положив тестот,**
**И ќе го добијам Божјето најдобро!**
– Трина Ханкинс

# 3 Крвта зборува

„И слушнав глас силен на небото што велеше: ‘Сега дојде спасението и силата и царството на нашиот Бог и власта на Неговиот Христос, зашто е исфрлен долу обвинителот на нашите браќа, кој ги обвинуваше пред нашиот Бог ден и ноќ.’ И тие го победија (сатаната) со крвта на Јагнето и со зборови на своето сведочење...“

– Откровение 12:10-11

Огромната сила во крвта на Исус се ослободува преку твоето сведочење. Твоето исповедување, сведочење и изјава за крвта на Исус ќе го натераат ѓаволот да побегне. Сатаната, обвинителот на браќата, постојано нѐ обвинува.

„...преку вера во Неговата крв.“

– Римјаните 3:25

Кога крвта на Исус се меша со вера, секогаш го победува непријателот. Запомни: исповедувањето на твоите усни што произлегува од верата во твоето срце, апсолутно ќе го победи противникот во секоја битка. Ако се држиш цврсто до исповедувањето на верата во Неговата крв и дозволиш Божјото Слово да ја зајакне твојата вера, ќе победиш.

### ДОБИЈ ГО ТВОЈОТ СЛУЧАЈ СО ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА КРВТА

„Јас, Јас сум Оној што ги брише твоите престапи заради Себеси, и твоите гревови нема да ги запамети. Напомени Ми, да се расправаме заедно, изложи го твојот случај, за да се оправдаш.“

– Исаија 43:25-26

Зборот *претставува* (plead) е правен термин што значи „да се презентира случај во суд". Исто така, значи *молба за милост*. Гласот на обвинителот ќе ти каже дека си виновен и осуден. Тој сака да мислиш дека никогаш нема да го положиш тестот и да го добиеш Божјиот благослов.

Во молитвата, го користиме Божјото Слово за да го претставиме нашиот случај пред Таткото во името на Исус. Исус е Словото и Тој постојано се залага за нас (Евреите 7:25). Кога ја претставуваш крвта, правиш исповедување на милоста што Бог ја обезбеди преку Исус Христос. Не ги наведуваш своите заслуги или добрина, туку твоето исповедување на верата е единствено во крвта на Исус. Исповедуваш дека од Неговата крв е твоја правда.

Кога ќе застанеш пред животните тешкотии, гласот на обвинителот ќе ти каже дека си виновен. Може да те праша: „Како се изјаснуваш — виновен или невин?" Бидејќи имаш застапник кај Таткото, можеш храбро да речеш: „Ја претставувам крвта на Исус (во своја одбрана)!"

„Ако некој згреши, имаме Застапник кај Таткото, Исус Христос Праведниот. И Тој е помирувачка жртва за нашите гревови, а не само за нашите, туку и за гревовите на целиот свет."
– 1. Јованово 2:1-2

## ИСЧИСТЕН СО КРВТА

Крвта на Исус нè чисти од секој грев и од секоја неправда. Смит Виглсворт рече: „Нема ништо во мене што крвта не го чисти." Исповеувањето на верата во крвта создава свесност за правда. Како што размислуваме за крвта на Исус, таа

треба да нè разбуди до славното откровение дека крвта на Исус нè чисти од секој грев.

Мора да има постојана примена на крвта во твојот живот. Кога непријателот ќе почне да те обвинува, мораш да понудиш одговор. Претставувањето на крвта е синоним за вера во крвта. Можеш да го завршиш твојот случај бидејќи верата во Неговата крв е сè што е потребно за твојата целосна победа.

## ИСПОВЕДУВАЊЕ ЗА КРВТА

Ова е моќно исповедување што го користиме со години од Грејс Рајерсон Рус за крвта на Исус:

„Крвта на Исус ме чисти од секоја нечистотија на непријателот. Крвта на Исус ја чува и штити мојата совест ден и ноќ. Крвта на Исус спречува измама и ги поништува сите обиди на непријателот да ме измами. Крвта на Исус е моето божествено покритие и заштита од сите огнени стрели на злиот. Да, крвта на Исус е жива! Полна со живот и благодат, таа усовршува сè што се однесува за мене — усогласувајќи сè во мене со совршената Божја волја секој ден и на секој начин.“

Твојот случај се потпира на она што Исус Христос го направи за тебе со Својата смрт, погреб и воскресение. Тој е жив! Тој ја освои победата за тебе. Затоа, потсети Го Бог на Неговото ветување. Секое утро стани исповедајќи се:

„Ја претставувам крвта на Исус над моето семејство, над мојот ум, над моите мисли, над моето минато, над мојата иднина и над мојата совест! Нема да бидам виновен. Нема да бидам осуден. Нема да бидам обвинет. Ѓаволу, нема да

ги земеш моите деца, нема да ја земеш мојата брачна заедница, нема да го земеш моето тело. Ја претставувам крвта! Ја добив оваа битка!“

## ВЕРБА ВО КРВТА

Преку верба во крвта на Исус, можеш да го запреш обвинителот. Можеш да ја искусиш Божјата слава и да ги примиш Божјите најдобри благослови. Крвта на Исус те чисти од гревот во сите негови форми (1. Јованово 1:7). Ова чистење е постојано. Тој ќе те усоврши во секое добро дело.

Кога почнуваш да ја применуваш вербата во крвта, се случуваат три работи:

1. **Се враќаш во заедница и единство со Бог.** Те водат право во Неговото присуство.
2. **Можеш да го примиш Божјиот благослов.**
3. **Можеш да го запреш ѓаволот и секој негов напад врз твојот живот**, бидејќи власта е вратена.

„Верата доаѓа од слушање, а слушањето преку Божјото Слово.“
– Римјаните 10:17

Мораш да се храниш со Словото повторно и повторно. Исус рече:

„...зборовите што Јас ви ги зборувам се дух и живот.“
– Јован 6:63

Кога го земаш Словото за крвта и размислуваш за него, твојот дух буквално почнува да се храни со него. Словото ќе влезе во тебе и можеш да направиш храбро исповедување за она што крвта го направи.

## ПОВЕЌЕ ОД ПОБЕДНИЦИ

„Кој ќе нè оддели од љубовта Христова? Неволја ли, страдање ли, или прогонство, глад, или голотија, или опасност, или меч? Но, во сè ова ние сме повеќе од победници преку Оној што нè возљуби.“

– Римјаните 8:35,37

Ништо не може да те оддели од Божјата љубов. Мерката на Божјата љубов кон тебе е во крвта на Исус. Ние сме повеќе од победници преку Оној што нè возљуби. Нашата вера е во Неговата крв. Бог те возљуби толку многу што произведе правда преку крвта на Исус која ти дава да си праведник пред Него.

Ти си ослободен од чувство на вина и срам, и преку вера во крвта можеш храбро да дојдеш право во Божјото присуство. Сега, со доверба, можеш храбро да исповедаш дека оваа правда што Бог ја произведе во тебе те прави **повеќе од победник** преку Исус Христос, Кој те возљуби и Се даде Себеси за тебе.

## ЗАКЛУЧНО ИСПОВЕДУВАЊЕ

„Бог е на моја страна,
Зашто крвта е примена.
Секоја потреба ќе биде исполнета.
Ништо нема да ми биде одбиено.
Затоа влегувам во одмор.
Знам дека сум благословен.
Го положив тестот,
И ќе го добијам Божјето најдобро!“
– Трина Ханкинс

# 4. Победа во стратешки битки

„Учествувај во добрата борба на верата, држи се за вечниот живот на кој си повикан и за кој си дал убаво исповедување пред многу сведоци.“
– 1. Тимотеј 6:12

Библијата вели да се **бориме во добрата борба на верата**. Тоа значи дека ако се наоѓаш во каква било друга борба, тогаш си во погрешна борба. Често ѓаволот ги тера луѓето да се борат едни против други. Единствената борба на која сме повикани е **борбата на верата**.

Во борбата на верата, **не се бориш за победа, туку се бориш од позиција на победа**. Твојата победа доаѓа од реалноста на тоа кој си во Христос. Ти си оживеан, воскреснат и седнат заедно со Христос. Борбата на верата започнува во победата на Христовиот триумф. Твоето признавање и исповедување на верата одредува дали ќе победиш.

## ЗАЗЕМАЊЕ НА КЛУЧНИ ПОЗИЦИИ

Една од најстратешките битки во Американската граѓанска војна (1861-1865) се случила кај Гетисбург. Клучниот момент се случил на едно мало возвишение наречено **Малиот тркалест врв (Little Round Top)**. Кој и да го заземеше тоа возвишение, ја добиваше битката — а со тоа и целата војна.

Еден мал одред од Северот, предводен од **Џошуа Лоренс Чемберлен**, го заземе Малиот тркалест врв и го држеше **по секоја цена**. Иако биле исцрпени и без муниција, Чемберлен наредил да се прикачат бајонетите и да нападнат. Ова ги

изненади Јужњаците, кои почнаа да бегаат и да се предаваат.

Чемберлен го држеше Малиот тркалест врв, и со победата во оваа битка, Северот ја доби целата војна. Подоцна, тој стана генерал, а потоа и гувернер на државата Мејн.

Од оваа историска битка можеме да научиме неколку работи за победата во битките на верата:

1. **Став**: Ова е добра борба, а добрата борба е онаа што завршува  со победа.
2. **Позиција**: Биди на своето место и држи го!
3. **Не давај да те одвлечат** и не заспивај на задачата! Биди буден!
4. **Следи ги упатствата** и биди послушен!
5. **Никогаш не се откажувај**!
6. **Охрабри ги другите**!
7. **Се бориме со вера, не со луѓе**.
8. **Држи се цврсто до исповедањето на верата** по секоја цена!
9. **Биди наполнет со натприродна „муниција“** (Божјото Слово) и не се плаши да го нападнеш непријателот!
10. **Земи засилување** — моли се и стој во единство со другите!
11. **Победи ја битката за Божјата слава**, не за твојата!

Ние не сме сами во оваа битка. Постои сила во единството. Библијата е полна со примери:

- **Естира** го собра народот да пости и се моли за ослободување.
- Израелскиот народ ја доби **невозможната битка** откако исповеда во еден глас: „Господ е благ и Неговата милост трае довека.“
- Црквата се молеше страсно за ослободувањето на **Петар од затворот** и местото се затресе.

## БОЖЈАТА ПОДДРШКА Е ПОГОЛЕМА

Некои можат да речат дека верата и исповедувањето звучат како борба — и навистина, верата е борба. Но, **Божјата благодат е Неговата поддршка кон тебе, а верата е твојата поддршка кон Него**. **Божјата поддршка кон тебе е секогаш поголема од твојата кон Него!**

Еднаш кога со мојот внук Дилан преминувавме една прометна улица, му реков: „Дилан, држи се цврсто за мојата рака.“ Тој се фати, но не сфати дека **кога тој се фати за мене, и јас се фатив за него**. Јас немав намера да му дозволам да ја испушти раката.

На ист начин, **во моментот кога твојата вера се фати за она што Христос го направи за тебе, Бог се фаќа за тебе — и Тој нема да те пушти!** Ако ти се чини дека ја губиш подршката, Тој ќе те држи сѐ додека не се осигураш подобро. **Божјата рака секогаш е поголема од твојата!**

## БОРБАТА НА ВЕРАТА

„Зашто ние одиме и живееме со вера, а не со гледање." – 2. Коринќаните 5:7

Кога Библијата вели „живееме по вера, а не по гледање", значи дека **не можеш истовремено да живееш и со вера и со она што го гледаш**. Не е сѐ онака како што изгледа. Ѓаволот може да го зголеми она што го гледаш бидејќи тој е „богот на овој свет" (2. Коринќаните 4:4). Тој може да ги направи проблемите да изгледаат поголеми за да те натера да се колебаш во верата. **Мораш да избереш да живееш со вера, а не со она што го гледаш.**

Твоето исповедување за време на борбата на верата те носи во согласност со Бог. Можеш да пораснеш во исповедувањето и да станеш **професионалец во тоа**. Можеш да добиеш подобри резултати отколку досега.

Можеби ќе речеш: „Јас работам на мојата вера. Јас работам на моето исповедување." Продолжи да работиш! Не смееш да бидеш мрзелив во верата. Дали си подготвен да се бориш? Секогаш треба да си подготвен за **добрата борба на верата — борбата што се победува!**

„Многу христијани се слаби, иако искрени, бидејќи им недостасува храбро исповедување за тоа кои се во Христос."

# 5. Контролирај ги своите усни

Од време на време одам на родео, а мојот омилен настан е **јавање на бикови**. Сакам да ги гледам најголемите и најзли бикови кои се подготвени да скокаат, да се борат и да направат сè за да го исфрлат каубојот од грб! Некои јавачи паѓаат веднаш штом излезат. Најдобрите, искусните јавачи, имаат стратегија — дури ја знаат и личноста на бикот што ќе го јаваат. Знаат дали бикот скока налево или надесно.

Професионалците го земаат јажето и цврсто го завиткуваат околу раката. Работеле на својот **стисок** и цврсто се држат за тоа јаже.

Некои христијани прават слично. Во недела си велат:

„Јас сум подготвен! Го јавам бикот!“

Но, ако не се држат до своето исповедување, до **понеделник попладне** веќе се на земјата — обесхрабрени, поразени и подготвени да се откажат.

Други христијани научиле **да ги контролираат своите усни**. Со други зборови, тие го одржуваат своето исповедување на верата во Бог.

„Бидејќи имаме голем Првосвештеник Кој помина низ небесата — Исус, Синот Божји — да се држиме цврсто до нашето исповедување (на вера во Него).“
– Евреите 4:14 (AMPC)

„Сега кога знаеме што имаме — Исус, овој голем Првосвештеник со директен пристап до Бог — не дозволувајте да ви се извлече од раце. Ние немаме свештеник кој не е во допир со нашата реалност. Тој помина

низ слабости и искушенија, искуси сè — освен грев. Затоа, приближете му се храбро и земете го она што Тој толку е подготвен да ви го даде. Прими ја милоста, прифати ја помошта.“
– Евреите 4:14-16 (MSG)

„Да се држиме цврсто до исповедувањето на нашата надеж без колебање, зашто Оној што го даде ветувањето е верен.“
– Евреите 10:23

Во овие стихови Павле вели дека кога станува збор за твоето **спасение, исцеление, ослободување и победа**, ти си подготвен да „јаваш“! Мораш да се **држиш цврсто**. **Не постои вера без предизвици.** Најдоброто во исповедта е дека ако се фатиш ти, и **Светиот Дух се фаќа заедно со тебе**.

Можеби има работи кои те собориле во последните месеци или години. Но, тоа може да се промени! Ако се држиш цврсто до исповедувањето и не се откажуваш, тие работи нема да те сопрат во наредната година. **Држи се цврсто и не се откажувај!**

## ИСПОВЕДУВАЊЕТО НЕ Е ЕДНОСТАВНО ИЗЈАВУВАЊЕ

Ако сакаш да се држиш до исповедувањето на верата, тоа не е нешто што го кажуваш само еднаш. Мораш постојано **да ги усогласуваш твоите усни и зборови** со она што Исус го направил за тебе. Ако сакаш да бидеш **силен/на во верата**, мораш **постојано** да правиш **исповедување на Словото**.

**Непосредно пред ѓаволот**,
**непосредно пред неуспехот**,

**непосредно пред сите твои чувства** кои се раѓаат— твоето исповедување мора да остане **непроменливо**.

**Исповедањето мора да се прави без оглед на чувствата!** Дури и ако **не се чувствуваш** така, мораш да се држиш до исповедањето на Божјото Слово.

## ПРЕОВЛАДУВАЊЕ НА ЧУВСТВАТА

„Зашто немаме Првосвештеник Кој не може да се солидирариизира со нашите слабости, туку Беше искушен во сѐ како нас, без да згреши."
– Евреите 4:15

Еден ден го проучував овој стих и забележав дека **Исус бил допрен од нашите чувства**. Се прашав: *Како ова се вклопува овде?* Јас ја проучував **верата**, а стихот зборуваше за **чувствата**. Зошто?

Ако сакаш да **живееш со вера**, твојата вера мора да **ги надмине твоите чувства**. Бидејќи Исус бил допрен од нашите чувства, можеме да бидеме сигурни дека можеме да ги **пребродиме сите наши чувства**.

Што е со твоите **слабости или борби**? Вели дека Исус бил **искушен во сѐ**. Некои можат да мислат дека Исус не можел да биде искушен во сѐ бидејќи Тој е Бог. Но, Тој **мораше да биде искушен во сѐ**, инаку не би можел да биде наш Првосвештеник.

Ова значи дека **нема искушение што Тој не го искусил**. Искушението значи **притисок и чувства што доаѓаат против тебе**. Чувствата можат да бидат силни. Тој помина

низ **секоја слабост и секој вид на немоќ** што можеш да ја имаш. Тој бил **искушуван во сѐ и го положил секој тест**.

## ДРЖИ СЕ ЦВРСТО

„Бидејќи имаме голем Првосвештеник Кој помина низ небесата — Исус, Синот Божји — да се држиме цврсто до нашето исповедување."
– Евреите 4:14

„...не дозволувајте да ви се извлече од раце."
– (MSG)

**Држи се цврсто до исповедувањето на верата во Него и не дозволувај да ти се извлече од раце.** Запомни: Исус бил **искушен во сите чувства**. Тој е **допрен од нашите слабости**. Ако **Тој победи**, а ти си **во Него**, тогаш и ти можеш да победиш.

## ПРИКАЗНА ЗА ФУДБАЛОТ

Кога бев дете, играв американски фудбал (рагби) со децата од соседството во нашиот двор. Обично, мојот постар брат и неговите големи пријатели играа против мене и моите мали пријатели.

Тимот на мојот брат дури и не се собираше да закаже акција — едноставно **ја објавуваа** и ја изведуваа! Целосно нѐ надвладеја, но ние бевме **решителни**.

Следниот напад ја фатив топката и почнав да трчам колку што можев. Но, не го забележав **прозорецот со клима-уред** право пред мене. Удрив во него и паднав на грб. Кога ги отворив очите, сите стоеја над мене да видат дали сум во ред. Погледнав во нивните лица и реков:

„Сè уште ја имам топката!“

Ја имав **цврсто стегнато** фудбалската топка и **не сакав да ја пуштам**.

Тоа е она што треба да правиме кога ѓаволот, животот или дури и нашите грешки нè соборат на грб. Можеби ти се врти главата, но **држи се цврсто до исповедувањето на верата во Бог**. **Не се откажувај! Не дозволувај да ти се извлече од раце.**

## ПОБЕДУВАЈ СО ИСПОВЕДУВАЊЕ

Еднаш му реков на Господа:

„Зошто сè уште ги имаме сите овие чувства и покрај исповедувањето на верата?“

Тој ми рече:

„Запомни, Исус ги имал истите чувства што ги имаш ти — и Тој ги победи.“

Твоето исповедување на верата мора да биде **постојано**, дури и кога **чувствата не се усогласени**. Ако луѓето те прашаат како се чувствуваш, треба да одговориш:

„Се чувствувам како што се чувствувал Исус кога ги победувал овие чувства.“

**Мојата вера е во Него и во Неговото Слово.** Јас не живеам според чувствата. Чувствата ќе дојдат подоцна. Со други зборови, **моето исповедување на верата буквално ќе ги победи моите чувства**.

Рев. Кенет Хејгин („Татко Хејгин“) рече:

„Дури и ако изгледа дека не успеваш, и дури и ако неуспехот стои на сите четири агли, **не се откажувај од исповедувањето**."

Можеби **се чувствуваш како неуспешна личност**, но дури и пред неуспехот, **држи се до исповедувањето**. Без разлика како се чувствуваш или како изгледаат работите, твоето исповедување треба да остане исто:

„Исус е мој Господ, мој Откупител, моја Правда и мој Снабдител! Господ е мој Пастир, ништо нема да ми недостасува."

Тоа е твоето **постојано исповедување**.

## ИСПОВЕДУВАЊЕТО ОТВОРА ВРАТИ

Твоето исповедување ќе те **доведе во согласност** со она што Исус го направил и што Тој вели за тебе — или ќе те доведе во согласност со **непријателот и твоите сегашни околности**.

**Имаш избор.**

Твоето исповедување може да ја **отвори вратата за Бог** — или може да ја отвори вратата **за напад на непријателот**.

**Твоето исповедување на верата е од најголема важност!**

Никој не е ослободен од справување со своите чувства. Дури и **служителите на Евангелието** не секогаш **се чувствуваат** расположени да одат во црква, да проповедаат или дури да се чувствуваат спасени.

Без оглед на чувствата, **исповедај**:

„Духот Господов е на мене, зашто Ме помаза да проповедам, да поучувам и да пророкувам. Тој Ме помаза, и јас Му се потчинувам на тоа помазание.“

Кога ќе застанеш да служиш или да го правиш она што Бог те повикал да го правиш, **тоа помазание ќе дојде врз тебе**. Дури и ќе те направи **попаметен**. Ќе размислуваш за работи што не би можел сам да ги сфатиш. Можеби си подготвил проповед, но **Светиот Дух ќе ти даде свежо помазание, нови мисли и нови илустрации**.

## ПОГОЛЕМИОТ Е ВО МЕНЕ

Важно е (и Библијата нѐ учи) да имаме **вера во Бог**. Дали некогаш размисливте за **вера во Бог што е во вас**? Дали сте сметале дека **истиот Дух што го воскресна Христос од мртвите живее во вас**?

Тој е **Поголемиот** и е способен да ве одржи да опстанете! На овој начин ги победувате **вашите чувства**. Се креваш внатрешно и храбро **прогласуваш кој живее во тебе** како новороден верник.

Твоето исповедување **ја активира работата на Светиот Дух**. Се доведуваш себеси во согласност со **силата на Бог** преку твоите зборови, дури и кога не се чувствуваш така.

## СВЕТИОТ ДУХ ТИ ПОМАГА

Бог **моќно работи во тебе** преку личноста на Светиот Дух. Можеби се чувствуваш **обесхрабрен или поразен**, но Светиот Дух ќе дојде во јамата со тебе и ќе те извлече. Тој секогаш е како твој **прв помошник**.

Светиот Дух, твојот **застапник** што го претставува Исус, вели:

„Ако го извадив Исус од јамата, сигурно можам и тебе да те извадам.“

**Исповедај го ова:**

„Ако истиот Дух што го воскресна Исус од мртвите живее во мене, Тој може да ме извлече од секоја јама!“

Еден начин да му дадеме место на Светиот Дух да ни помогне со нашите чувства е **преку молитва на непознати јазици**. Тој **се фаќа заедно со нас** додека се молиме во Духот. Додека зборуваш на тие јазици, Светиот Дух ти помага да се молиш **над твојот разум**.

Тој се фаќа заедно со нас со **зборови што не можат да се изречат со нам познат јазик**. Тоа е силата на **потчинувањето на Светиот Дух**. Тој ќе ти помогне да ги победиш **сите чувства**.

## ПОБЕДАТА НА ИСУС Е ТВОЈА

Пред многу години слушнав еден проповедник како вели:

„**Најсилниот човек на Бог** бил Самсон — и тој падна во грев. **Најмудриот човек на Бог** бил Соломон — и тој падна во грев. **Најдобриот човек на Бог** бил Давид — и тој падна во грев.“

Но, овој проповедник испушти да каже една **голема работа** — **новиот човек на Бог, Христос**. Тој **успеа** — и Тој живее **во тебе**!

Ти не го следиш примерот на **најсилниот, најмудриот или најдобриот човек**. Ти го следиш примерот на **новиот човек**. **Облечи го новиот човек.** Другите можеби не успеале, но **новиот човек го положи секој тест**.

Твоето исповедување за тоа **кој си во Христос** те поврзува со Исус. На овој начин се **облекуваш во новиот човек** — исповедуваш кој си во Христос. Ова исповедување ќе те изведе, ќе те постави **победоносно** и ќе ја осигура твојата победа, **без оглед на твоите моментални и променливи чувства**.

